РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3098/1
21.08.2020 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

---

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), Градоначалникот на Општина Велес објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за формирање на партиципативно тело

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање Градоначалникот распишува Јавен оглас за формирање на партиципативно тело.

Јавниот оглас ќе трае 30 дена, односно во перидот од **25.08.2020** год. до **23.09.2020** год.

Јавниот оглас ќе биде објавен на веб страна на општината **www.veles.gov.mk** и на огласна табла во просториите на општината.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Учеството на лицата во партиципативното тело е на доброволна основа.

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски